# Танцова Спортска Федерација
# на Македонија

# СТАТУТ

Скопје, 2018

Врз основа на член 5, 20, 25, 40, 74 и 76 од Законот за Здруженија и Фондации, Сл.весник на РМ бр. 52 /10 и 135 /11 година и членовите 14 и 15 од Законот за спорт ( Сл. Весник на Р.М. бр. 29/02, 66/04 , 81/08, 18/11, 15/11, 64/12, 148/13, 187/13, 42/14, 138/14, 177/14, 72/15, 153/15, 6/16, 61/16, 106/16 и 190/16 ) и член 26 од овој Статут , на седницата на Собрание одржана на ден 21.04.2018 година се донесе :

# С Т А Т У Т
**на**
**ТАНЦОВА СПОРТСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

**Член 1**

## ИМЕ, ЦЕЛИ И РЕГИСТРАЦИОНА АДРЕСА

1. **Танцова Спортска Федерација на Македонија** ( **ТСФМ** ) , а за странство - **Macedonian Dance Sport Federation ( MADSF )**, е спортско танцово здружение – Национална Спортска Федерација на Танцови Спортски Клубови чија цел е развивање, негување и афирмирање на сите форми на танцови спортски активности ( Стандардни, Латиноамерикански и Модерни танци ) на спортистите ( танчери ) од сите возрасти, како и спортско – рекреативните танцови активности на граѓаните на Македонија.

2. Танцова Спортска Федерација на Македонија ( ТСФМ ) е невладина, неполитичка и непрофитабилна федерација.

3. Цели на ТСФМ се :

а) Поттикнување и развој на спортските танцови активности (Стандардни, Латиноамерикански и Модерни танци ) на децата и младината во рамките на Танцовите Спортски Клубови, танцовите школи и Националната Танцова Спортска Федерација на Македонија.

б) Организирање и спроведување на Националните Спортски Танцови натпревари за Стандардни, Латиноамерикански и Модерни танци и поттикнување и помагање на Танцовите Спортски Клубови во организирање и спроведување на националните Спортски Танцови натпревари за Стандардни, Латиноамерикански и Модерни танци.

в) Поттикнување и помагање на Танцовите Спортски Клубови во организирањето и спроведувањето на спортски тренинзи за оспособување на спортистите ( танчери ) за постигнување на врвни спортски резултати.

г) Промовирање на меѓународната идеја за аматерски спортски и модерен танц.

д) Мотивирачки да делува за отварање на Танцови Спортски Клубови.

и) Да организира семинари за спортски танчери , танцови спортски тренери, судии и други спортски танцови кадри.

е) да промовира стандардизирани спортски танцови правила во склад со општо прифатените светски правила по кои сите Танцови Спортски Клубови ќе ги организираат натпреварите.

ф) Активностите на Танцовите Спортски Клубови , членовите на Управниот одбор и другите органи и тела на ТСФМ ќе бидат засновани на база на взаемно почитување и соработка.

4. Да работи во тесна хармонија со Светската Танцова Спортска Федерација - **World Dance Sport federation ( WDSF )** , Агенција за Млади и Спорт, Македонскиот Олимписки Комитет, државни и меѓународни институции и Федерации од областа на танцот, Сојузот на Спортски Федерации, Федерација на училишен спорт на Македонија и Факултетот за физичко образование, спорт и здравје за промовирање – унапредување на аматерскиот спортски танц (Стандардни, Латиноамерикански и Модерни танци), како и пред наведените да ги претставува и застапува Танцовите Спортски Клубови членки на Федерацијата.

5. За регистрациона адреса на ТСФМ се определува адресата : ул.,,23 Октомври 1а /5/локал 1. – Скопје

6. Федерацијата ќе го користи краткиот назив ТСФМ, а за странство MADSF.

7. Федерацијата има свое лого.

8. ТСФМ ја застапува и претставува Претседателот или од него овластено лице.

9. Работата на ТСФМ е јавна.

## ФИНАНСИСКА ГОДИНА

### Член 2

Финансиската година ќе биде календарската година.

1.Управниот Одбор на ТСФМ донесува одлуки за трошење на средствата.

2.Управниот Одбор на ТСФМ разгледува и донесува финансиски и завршни извештаи за материјалното работење и истите ги предлага на усвојување на Генералното Собрание.

## ПРИЕМ - ЧЛЕНСТВО

### Член 3

1. Кандидати за ново членство

Танцовите Спортски Клубови молбите за членство во ТСФМ ги поднесуваат до Генералниот Секретар

Документи кои треба да се приложат кон барањето:

- Статут
- Копија од тековната состојба од Централен регистар не постара од 3 месеца
- Потврда за активна жиро сметка
- Листа и регистрациски обрасци (ТСФМ ) со лични податоци за членовите
- Решение за дејност спорт од Агенција за Млади и Спорт на Р.Македонија

Индивидуалните членови молбите за членство во ТСФМ ги поднесуваат до Генералниот Секретар

Документите кои треба да се приложат кон барањето:

- Регистрациски образец (ТСФМ ) со лични податоци
- Копија од трансакциска сметка

2. Сите членки мора да бидат известени написмено за секој нов прием и секоја промена на членството.

**Член 4**

Членството во ТСФМ ќе припаѓа на една од следните класификации:

- **Полноправни членки**

Полноправните членки ќе бидат Танцовите Спортски Клубови кои го прифаќаат
- Статутот и целите на ТСФМ
- имаат решение за дејност спорт од Агенција за Млади и Спорт.

- **Индивидуални членки**

Индивидуален член може да биде секој граѓанин кој го прифаќа Статутот и целите на ТСФМ.

- **Почесни членки**

Почесна членка или член може да биде секое физичко или правно лице кое има извонредни заслуги за танцовиот спорт во Македонија.
Управниот Одбор ги прифаќа ваквите номинации и ги предлага за одлучување на Генералното Собрание.

- **Привремени Членки**

- Привремени членки ќе бидат Танцовите Спортски Клубови кои го прифаќаат Статутот и целите на ТСФМ.
- По барање на Клубот кандидат за привремена членка во ТСФМ, Управниот одбор донесува одлука за негово прифаќање или одбивање со просто мнозинство.
- Одлуката од Управниот Одбор се доставува до сите членки Танцови Спортски Клубови на ТСФМ.
- Доколку Управниот Одбор донесе позитивна одлука и по нејзиното доставување до сите членки Танцови Спортски Клубови нема приговор за приемот на клубот кандидат, истиот станува привремен член.
- Доколку барем 1(еден) од активните членки на ТСФМ (Танцов Спортски Клуб) не се согласува со одлуката на Управниот Одбор должен е за тоа да го извести истиот по писмен пат со образложение во рок од 10 дена.
- Доколку Управниот Одбор првично го одбил барањето или има приговор од барем еден активен член (Т.С.К.), Управниот Одбор го известува клубот кандидат за одбивањето со образложение.

Привремените членки ги имаат сите права и обврски како и полноправните членки, освен право на учество со свои претставници во органите и телата на ТСФМ и правото на учество на официјалните Шампионати и Купови во рамките на системот на натпреварување на WDSF каде што ТСФМ е полноправен член.
- Привременото членство трае 1 (една) година од денот на донесената одлука од соодветниот орган за прием во ТСФМ како привремена членка.
-По истекот на 1 (една) година , привремената членка доставува барање до Управниот Одбор за полноправно членство во ТСФМ. Врз основа на доставеното барање Управниот Одбор на наредната седница на Генералното Собрание приемот на клубот кандидат го става на дневен ред.
- Одлуката на Собранието за прием се донесува со консензус. Во тој случај Управниот Одбор е должен да му издаде потврда за привремено членство на клубот кандидат која ќе му послужи во процесот за добивање на решение за дејност спорт во Агенцијата за Млади и Спорт на Р. Македонија.
- Со добивањето на решението од Агенцијата за Млади и Спорт одлуката на Собранието за прием во полноправно членство станува правосилна.
- Доколку еден активен член (Т.С.К.) гласа против приемот на клубот кандидат за полноправно членство, Собранието донесува одлука за одбивање.
- Одлуката на Собранието за прием или одбивање е конечна.

**ОСТАВКА – ПРЕСТАНОК НА ЧЛЕНСТВОТО**

**Член 5**

Членките можат да истапат од членството во секое време со писмена изјава за престанок на членството адресиран до Управниот Одбор.
Истапувањето не ги исклучува финансиските и други обврски кон ТСФМ во календарската година.

Член на ТСФМ не може да биде Танцов Спортски Клуб :
-Ако членува во други Федерации, асоцијации, организации од областа на танцот кои се во спротивност или конфликт на интерес со интересите и угледот на Статутот, целите и задачите, правилниците, системот на натпреварување на ТСФМ и WDSF.
-чија дејност е насочена кон кршење на Уставот и Законите на РМ
-чија дејност е насочена кон поттикнување на национална, верска ,расна или политичка нетрпеливост или поттикнување т.е. вршење на кривични и прекршочни дела или судски спорови.
-чија дејност е спротивна на целите и задачите на ТСФМ
-чија дејност е спротивна на кодексот на однесување на ТСФМ
Управниот Одбор и Собранието одлуката за прием или одбивање на Танцов Спортски Клуб за член на ТСФМ ја донесува врз основа на:
-процедурата за прием
-моралната подобност на кандидатот
-врз основа на слободна процена и убедување
-врз основа на спортско, коректно, фер однесување на пазарот на танцот во РМ
-врз психолошкиот профил и мислења и препораки од релевантни субјекти од областа на спортскиот танц и танцот воопшто во РМ.

**Член 6**

Членството во ТСФМ престанува и кога членот на ТСФМ со своето дејствување, неактивност, неизвршување на обврските го нарушува угледот и интересите на ТСФМ.
Управниот Одбор ќе го предупреди Танцовиот Спортски Клуб или членот и ќе предложи соодветни мерки вклучувајќи и разрешување на поедини органи и носители на функции.
Ако и покрај предупредувањето и превземените мерки членот или Танцовиот Спортски Клуб не ги отстрани недостатоците кои го нарушуваат угледот, интегритетот и интересите на ТСФМ и неговите членови, Управниот Одбор може да донесе одлука за исклучување од ТСФМ , која ќе ја потврди или отфрли Собранието со консензус.

**СПОРТСКИ КЛУБОВИ**

**Член 7**

Танцов Спортскиот Клуб може да води спортски танцов тренинг и организира спортска школа и танцови спортски натпревари ако има добиено решение за вршење дејност спорт согласно член 11 став 2 од Законот за Спорт.
На Танцовиот Спортскиот Клуб лиценца за вршење спортски танц ( Стандардни, Латиноамерикански и Модерни танци ) му издава Националната Спортска Федерација.

**СТРУЧНИ КАДРИ**

**Член 8**

Стручни кадри во смисла на овој Статут кои можат да вршат дејност спорт во областа на танцот согласно Законот за спорт , да водат спортски танцов тренинг и натпревари во Танцовите Спортски Клубови и спортски танцов тренинг и натпревари во Националната Спортска Федерација се лица кои имаат завршено високо образование во областа на спортот или стекната лиценца добиена од Националната Спортска федерација .
Стручно лице – професионален тренер може да води спортски тренинг и натпревари во сите степени на натпреварување доколку ги исполнува условите утврдени со Законот за Спорт и има склучено професионален договор со Спортскиот Клуб.
Спортски тренинг и натпревари на репрезентации на Националната Спортска Федерација може да води само стручно лице – професионален тренер кое ги исполнува условите утврдени во ставот 2 на овој член.

**Член 9**

На стручните кадри во областа на спортскиот и модерниот танц кои водат спортски танцов тренинг и натпревари во Танцовите Спортски Клубови и во Националната Спортска Танцова Федерација, истите се должни да им овозможат перманентно стручно усовршување.
Програмите за стручно усовршување на стручните кадри и за Национален Танцов селектор и Национален танцов тренер ги утврдува Националната Спортска Федерација .

**Член 10**

Стручно лице – странец, може да води спортски тренинг и натпревари во највисокиот степен на натпревари доколку ги исполнува условите утврдени со Законот за спорт и со друг закон.

**УЧЕСНИЦИ ВО СПОРТСКИТЕ ТАНЦОВИ АКТИВНОСТИ**

**Член 11**

Спортисти ( танчери ) во смисла на овој Статут се:
- Спортисти ( танчери ) од сите возрасти кои учествуваат во Танцовите Спортски активности
- Сите учесници во танцовите спортско – рекреативни активности

**Член 12**

Спортските танцови активности ( Стандардни, Латиноамерикански и Модерни танци ) се извршуваат аматерски и професионално.
Спортист ( танчер ) кој спортските танцови активности ги врши професионално, сите права и обврски од работен однос ги остварува при Танцовиот Спортски Клуб – работодавец, на начин утврден со Закон и Колективен договор.
Спортистите кои спортските танцови активности ги вршат аматерски можат да примаат парични и други награди за остварените танцови спортски резултати, односно за време на спортска танцова активност под услови кои се утврдуваат со акт на танцовите клубови.

**Член 13**

Спортистите ( танчери ) сениори државјани на Република Македонија врз основа на постигнатите резултати во одреден временски период се стекнуваат со следниве спортски категории:

- Спортист ( танчер ) од Светска категорија
- Спортист ( танчер ) од меѓународна категорија
- Спортист ( танчер ) од државна категорија
- Еднаш стекнатата спортска категорија има траен карактер и доживотно му припаѓа на спортистот како титула.

**Член 14**

Спортските категории, спортистите ( танчери ) ги стекнуваат врз основа на остварените резултати на официјалните натпревари, Националните првенства, балкански првенства, европски и светски првенства, светско универзитетско првенство, олимписки игри.
При утврдувањето на спортската категорија се вреднуваат резултатите остварени на официјалните меѓународни натпревари кои се во календарот на европските и светските Федерации и Националните првенства.

**Член 15**

Спортистите ( танчери ) од помладите возрасни категории можат да стекнат спортска категорија согласно член 13 на овој Статут доколку постигнат резултати кои се предвидени за сениори согласно Правилник категоризација на спортистите од Република Македонија, во кој се пропишани мерилата и критериумите за статусот и рангот на спортистите во Република Македонија.

**Член 16**

Функционерот кој раководи со органот на државната управа за работите од областа на спортот, донесува Правилник за категоризација на спортистите од Република Македонија, во кој се пропишани мерилата и критериумите за статусот и рангот на спортистите во Република Македонија.
Функционерот кој раководи со органот на државната управа за работите во областа на спортот по претходно прибавено мислење од ТСФМ, согласно Правилникот од став 1 на овој член го утврдува статусот и рангот на категоризираните спортисти ( танчери ).

**Член 17**

Спортистите ( танчери ) кои се стекнале со спортска категорија правата на материјален и друг надоместок и други видови на награди ги остваруваат согласно соодветните одредби на Законот за Спорт.

**Член 18**

Сите спортисти ( танчери ) своите права и обврски ги остваруваат согласно соодветните одредби на Законот за Спорт, овој Статут и другите акти на ТСФМ.

## СПОРОВИ

### Член 19

Сите настанати спорови помеѓу членките и помеѓу членките и ТСФМ, а кои не можеле да се решат на мирољубив начин ќе бидат предмет за решавање на комисии,  Управниот Одбор на ТСФМ, Генералното Собрание или пред надлежните државни институции.

## ЧЛЕНАРИНА

### Член 20

Членките се должни да плаќаат членарина како и уписнина според финансиските регулативи донесени со просто мнозинство и се предмет на измени од страна на Управниот Одбор.
Членките со заостаната членарина не може да ги ужива правата кои произлегуваат од член 22 став 4, член 24 став 1.

## ОРГАНИ НА ТСФМ

### Член 21

Органи на ТСФМ се :
- Генерално Собрание
- Управен Одбор
- Претседател
- Стручни тимови и комисии

## ГЕНЕРАЛНО СОБРАНИЕ

### Член 22

1. Генералното Собрание е највисок орган на ТСФМ
2. Генералното Собрание е составено од делегати на членките танцови клубови и надворешните членови на Управниот Одбор.

Секоја членка – Танцов Спортски Клуб е овластена да испрати два делегата на Генералното Собрание.

3. Секоја членка – Танцов Спортски Клуб мора на делегираните делегати да им издаде писмено полномошно со кое се констатира гласачкото тело. Делегати мора да бидат членови на членката – Танцов Спортски Клуб кој го претставуваат и мора да имаат најмалку 18 години.
4. На Генералното Собрание секоја членка има право на два гласа.

Претседателот на Управниот Одбор има право на еден глас. Почесните членки, индивидуалните членови и привремените членки немаат право на глас.

5. Секоја седница на Генералното Собрание е редовна доколку не е нагласено дека е вонредна.
6. Најмалку една седница на Генералното Собрание мора да се одржи во текот на секоја година.

## СВИКУВАЊЕ НА ГЕНЕРАЛНО СОБРАНИЕ

**Член 23**

1. Претседателот на ТСФМ го свикува Генералното Собрание
2. Датата, местото на одржување, дневниот ред и забелешките за причините за одржување на Генералното Собрание мора написмено да бидат испратени до сите членови најмалку десет дена претходно.
3. Дополнителните барања со кратко образложение за составување на дневниот ред мора да бидат доставени до Генералниот Секретар во писмена форма најмалку дваесет дена пред одржувањето на Генералното Собрание.
4. Управниот одбор испраќа допис со прелиминарен дневен ред и начелна дата за одржување на Генералното Собрание во термин кој претходи околу еден месец пред одржувањето на истото.

## ПРОЦЕДУРА ЗА ГЕНЕРАЛНО СОБРАНИЕ

**Член 24**

1. Генералното Собрание ќе биде раководено од Претседателот. Во отсаство на Претседателот ќе биде раководено од Потпреседателот, а во случај и на негово отсаство од еден од делегатите одреден од присатните делегати со просто мнозинство.
2. Генералното Собрание ќе има кворум за работа ако повеќе од една половина од членовите со право на глас се присатни и овластени. Ако Генералното Собрание нема кворум, тогаш ново Генерално Собрание ќе се свика во склад со член 23 со истиот дневен ред. Генералното Собрание ги усвојува одлуките со мнозинство на гласови од вкупниот број на делегатите кои се овластени. Одлуките со кои се вршат измени во Статутот се донесуваат со двотретинско мнозинство од целокупното гласачко тело.
3. Гласањето се изведува со подигање на рака, а со тајно гласање кога најмалку една третина од присатните членови ќе се изјаснат за тоа.
4. Записник мора да се води на секоја седница на Генералното Собрание кој мора да биде потпишан од записничарот и двајца оверувачи, а верификуван од Претседателот. Копија од записникот мора да се испрати до сите членки во рок од 30 дена сметано од денот на одржувањето на седницата,

## ВОНРЕДНО ГЕНЕРАЛНО СОБРАНИЕ

**Член 25**

1. Вонредно Генерално Собрание може да се свика:
- Со одлука на Управниот Одбор
- Ако 1/5 од вкупниот број на членките овластени да гласаат побараат такво собрание во писмена форма и ги посочи причините.
2. Вонредно Генерално Собрание мора да се свика веднаш како што е дефинирано во член 23 став 2.
3. Вонредно Генерално Собрание ги има истите права и обврски како и редовното Генерално Собрание.

## ПРАВА И ОБВРСКИ НА ГЕНЕРАЛНОТО СОБРАНИЕ

**Член 26**

1. Донесува Статут или измени на истиот, програма за развој на спортските танци (Стандардни, Латиноамерикански и Модерни танци ) и други акти
2. Усвојува годишен извештај, насоки и план за работа
3. Усвојува финансиски извештај
4. Одлучува за промена на целта на здружението
5. Организирање и спроведување на системот на натпревари
6. Одлучува за здружување или разделување од друго здружение и за зачленување во сојузи и меѓународни организации
7. Констатира прием на нови членови и престанок на членувањето
8. Избира органи на Федерацијата
9. Одлучува за престанок на Федерацијата со двотретинско нозинство
10. Одлучува и за други работи и прашања кои не се во надлежност на другите тела на Федерацијата
11. Врши и други работи во согласност со Статутот и другите општи акти на Федерацијата.

## УПРАВЕН ОДБОР

**Член 27**

1. Управниот одбор се состои од 9 члена:
- Претседател
- Генерален Секретар
- Правник
- Економист
- и 5 члена

Претседателот на ТСФМ е Претседател на Управниот Одбор на ТСФМ и Претседател на Генералното Собрание на ТСФМ.

2. Управниот Одбор се избира со гласање на Генералното Собрание секоја четврта година.
3. Како кандидати за прием во Управниот Одбор ќе се сметаат оние лица кои добиле најмногу гласови. Ако има ист број на гласови помеѓу два или повеќе кандидати ќе се одржи второ гласање за тие кандидати. Ако повторно има ист број на гласови со ждрепка ќе се одлучи за кандидатот кој ќе се избере за прием во Управниот Одбор.
4. Само членови од Танцовите Спортски Клубови, членки на ТСФМ можат да бидат избрани во Управниот Одбор.
5. По предлог на Претседателот на ТСФМ како кандидати за избор на членови на Управниот Одбор можат да бидат и надворешни лица ( индивидуални членови, членови на советот на угледни граѓани, почесни членови и други лица кои не се членови на ТСФМ ) , но најмногу до три члена.
6. Ако местото на член на Управниот Одбор се испразни, Управниот Одбор може да назначи нов член на тоа место се до следното Генерално Собрание.
7. Членовите на Управниот одбор на Националната Спортска Федерација и Генералниот Секретар не смее да се во роднинска врска по сите линии до втор степен со Претседателот на Националната Спортска Федерација ниту пак нивни компании да се капитално или управувачки поврзани.

**РАБОТА НА УПРАВНИОТ ОДБОР**

**Член 28**

1. Работата на Управниот одбор ќе се спроведува со свикување на седници кои ќе се одржуваат ако на неа присуствуваат повеќе од половина членови. За да бидат валидни одлуките на Управниот Одбор бараат просто мнозинство.
2. Претседателот ќе има право на вето при секое гласање во Управниот Одбор , доколку одлуката не е во склад со Статутот и Законот за Спорт или другите закони.
Резултатот од секое гласање мора да се соопшти на сите членови од Управниот Одбор.
3. Начинот , условите и постапката за работење на Управниот Одбор.

**ПРАВА И ОБВРСКИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР**

**Член 29**

1. Ги подготвува седниците на Генералното Собрание
2. Го подготвува нацртот на Статутот, другите акти и одлуки што треба да ги донесе Генералното Собрание
3. Ја спроведува политиката, заклучоците и одлуките донесени од Генералното Собрание.
4. Издава инструкции за работата на Генералниот Секретар кој е одговорен за канцеларијата на ТСФМ
5. Формира стручни тимови, комисии и врши контрола врз нивната работа
6. Управува и одговара за управувањето со имотот на ТСФМ
7. Подготвува годишен или периодичен извештај за својата работа
8. Дава толкување на одредбите на Статутот и другите акти на ТСФМ
9. Ги определува Танцовите спортски двојки и танчери во модерните танци за финансиска подршка за учество на меѓународните натпревари.
10. Одлучува во втор степен по приговорите однесени против одлуките на соодветните комисии и други тела на ТСФМ
11. Донесува одлуки за престанок на членството на членките во ТСФМ доколку се исполнети условите од Статутот
12. Има право да именува Раководители на специјални функции и да работи преку форми како што се проект – менаџери, пилот проекти и да формира стручни тимови и комисии за посебни задачи, како и назначува членови од ТСФМ и други стручни лица за посебни задачи.
13. Го назначува и разрешува Националниот Танцов селектор, Националниот танцов тренер и сл.
14. Одлучува за сите прашања кои не се во надлежност на Генералното Собрание

**ПРАВА И ОБВРСКИ НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ**

**Член 30**

1. За овластено лице за застапување и претставување во внатрешниот и надворешниот правен промет со трети лица се одредува Претседателот на ТСФМ
2. Претседателот на ТСФМ ги подготвува седниците на Генералното Собрание
3. Го подготвува нацртот на Статутот и другите акти што треба да ги донесе Генералното Собрание
4. Ја спроведува политиката, заклучоците и одлуките донесени од Генералното Собрание
5. Може да формира стручна служба и да врши контрола врз нејзината работа
6. Управува и одговара за управувањето со имотот на ТСФМ

7. Подготвува годишен или периодичен извештај за својата работа
8. Врши и одлучува за сите прашања кои не се во надлежност на Генералното Собрание и Управниот Одбор на ТСФМ

Мандатот на Претседателот трае 4 години, може да биде избран најмногу два мандати последователно и истиот може повторно да биде избран по истекот на временскиот период од најмалку еден полн мандат.

Доколку во моментот на престанување на мандатот на Претседателот, сметката на Федерацијата е блокирана најмалку 30 (триесет) дена, Претседателот чиј мандат престанува не може да биде повторно избран.

## ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР

### Член 31

Генералниот секретар на ТСФМ го бира Управниот одбор .
За Генерален секретар може да биде избрано лице кое покрај општите услови предвидени со Закон ги исполнува и следните дополнителни услови:
- да има висока стручна подготовка од областа на спортот;
- да има над 5 години работно искуство на исти или слични работи;
- да има организаторски способности и соодветни резултати како стручно лице во спортот:
- работа со компјутер

## ФИНАНСИИ

### Член 32

1. Сметките ќе бидат ажурирани од книговодството кое мора да ги води книгите во рамките на законската регулатива од оваа област, како и исплатите запазувајќи одредена сметководствена постапка.
2. Книговодителот изработува финансиски извештај и треба да биде потпишан од овластениот потписник на ТСФМ
3. Генералното Собрание избира потписник –ци на жиро сметка.

### Член 33

1. ТСФМ може да стекнува предмети, парични средства, хартии од вредност и други имотни права
2. ТСФМ средствата ги стекнува од членарина, прилози, донации, подароци и сл. и со нив располага согласно Статутот и Законот.
3. ТСФМ може да добива средства од буџетот на Р.Македонија, буџетот од единиците на локалната самоуправа, буџетот на град Скопје и надлежниот државен орган надлежен за работите од областа на спортот.
4. Донации на правни лица кои вршат дејност од областа на спортот за која е основана спортската федерација, како и донации од други правни лица.
**5.** Надоместоци за спорт утврдени во Законот за игри на среќа**.**
6. Средствата што ТСФМ ги стекнува согласно горните ставови се нејзина сопственост.

## ПРАВИЛНИЦИ И РЕГУЛАТИВИ

**Член 34**

ТСФМ ги има следните правилници и регулативи:

а) Регистрациски правилник
б) Натпреварувачки правилник
в) Судиски правилник
г) Дисциплински правилник
д) Финансиска регулатива
ѓ) други правилници по потреба и во склад со Законите на РМ

Сите правилници ги усвојува Управниот Одбор освен натпреварувачкиот, судискиот и дисциплинскиот кои ги верификува Генералното Собрание

## ФИНАНСИСКА РЕГУЛАТИВА

**Член 35**

ТСФМ остварува средства од:

- членарини на клубовите, индивидуалните, почесните членови и членовите,
- уписнина ,
- котизација за сите видови натпревари,
- и од други извори предвидени со Законот и Статутот.

**Член 36**

ТСФМ работи според финансиската регулатива донесена од Управниот одбор.
Финансиската регулатива може во секое време да се измени.

**Член 37**

Консеквенцата за неисполнување на наведените обврски е автоматски престанок на редовното членство во ТСФМ.

**Член 38**

Управниот одбор е наредбодавец во обласа на материјалното и финансиското работење на ТСФМ.

## ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА И АНТИДОПИНГ КОНТРОЛА

**Член 39**

Лицата кои во спортските клубови активно се занимаваат со спортска, односно спортско-рекреативна активност, должни се да се подложат на здравствена контрола.
Здравствената контрола опфаќа здравствен преглед пред започнувањето, како и систематски контролни прегледи за време на учеството во спортските активности.
Бројот на систематските контролни прегледи го утврдува ТСФМ со посебен општ акт.

**Член 40**

Здравствената контрола на учесниците во спортските активности ја врши лекар специјалист по спортска медицина.

**Член 41**

Учесниците во спортските и спортско-рекреативните активности, здравствените прегледи ги остваруваат во рамките на редовното здравствено осигурување.

**Член 42**

Се забранува стручното лице да го присилува спортистот да тренира или учествува на спортски натпревари во времето додека здравствено не е способен за тоа, или кога таквата активност би можела да ја влоши неговата здравствена состојба.

**Член 43**

Се забранува спортистите да земаат или на спортистите да им се даваат стимулативни средства, кои се забранети или штетни по здравјето.
Допинг-контролата е составен дел на мерките на здравствена контрола на спортистите.

## ЕВИДЕНЦИЈА, УПРАВУВАЊЕ И КОНТРОЛА НА СПОРТСКИТЕ ОБЈЕКТИ

**Член 44**

Заради организирано следење и унапредување на состојбата и развојот на спортскиот танц и за водење на долгорочна политика во областа на спортскиот танц ТСФМ води евиденција и тоа за:
- Танцовите Спортските Клубови;
- спортистите и другите членови на спортските клубови;
- постигнати спортски резултати;
- стручни кадри;
- објекти;
- врвни спортисти;
- награди и признанија;
- меѓународна спортска активност;
- меѓународни спортски приредби;
- научно-истражувачки проекти од областа на спортскиот танц;
- издавачка дејност во областа на спортскиот танц и
- други податоци за потребите на органот на државната управа надлежен за работите на спортот.

Евиденција водат и спортските клубови кои се во состав на ТСФМ.

## ПРЕСТАНОК НА ФЕДЕРАЦИЈАТА

**Член 45**

1. Распуштањето – престанокот на ТСФМ може да биде решено само на Генералното Собрание свикано специјално за таа намена и подразбира одлука на двотретинското мнозинство од вкупниот број на овластени членови.

2. Во случај предвидени во Законот за Спорт
3. Во случај ТСФМ да се распушти имотот ќе биде назначен на некоја призната спортска, културна или образовна институција.
4. Не може да се доставуваат барања за парична исплата на членките на ТСФМ.

За донесување на одлуката за престанок на Федерацијата, Претседателот на Федерацијата задолжително писмено во рок од 15 дена од денот на донесувањето ги известува Институциите при кои е регистрирана и органот на државната управа надлежен за работите на спортот.

**Член 46**

Официјален јазик на ТСФМ е македонскиот јазик, а за комуникација со странство е англискиот јазик.
Ако се постави прашање за толкување на Статутот, Правилата и Регулативите на ТСФМ обврзувачка ќе биде македонската верзија.

**Член 47**

Со влегување во сила на овој Статут, престанува да важи Статутот на ТСФМ од 16.03.2015 година.

Статутот е усвоен на седницата на Генералното Собрание на ТСФМ на ден 21.04.2018 година и стапува на сила веднаш.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ТСФМ
Влатко Павлески

Прилог:
1. Решение за дејност спорт на ТСФМ од Агенција за Млади и Спорт на Р.Македонија
2. Документ од WDSF :
   - за полноправно членство на ТСФМ во WDSF
   - список на Федерации и Асоцијации каде WDSF е полноправен член
   - Доказ за членство на WDSF во Меѓународен Олимписки Комитет (IOC)